Уп. бр. 08-96

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Шмиц Каргобул АГ, со регистрирано седиште на Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Сојузна Република Германија, преку Адвокатско друштво ЌОКУ И ПАРТНЕРИ од Скопје, на седницата одржана на ден 30.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Шмиц Каргобул АГ, со регистрирано седиште на Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Сојузна Република Германија ќе стекне контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х., со регистрирано седиште на Ретенбах 10а, 6241 Радфелд, Република Австрија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000 ден. и за решението во износ од 30.000 ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.06.2026 година, а дополнето на ден 08.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Шмиц Каргобул АГ, со регистрирано седиште на Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Сојузна Република Германија, со која Шмиц Каргобул АГ ќе стекне единствена контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х., со регистрирано седиште на Ретенбах 10а, 6241 Радфелд, Република Австрија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и

прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Шмиц Каргобул АГ има намера да стекне самостојна контрола над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х.. Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. е моментално под заедничка контрола од страна на Шмиц Каргобул АГ и Бергер Транспорт ГмбХ. Оттука, видот на контролата што ја врши Шмиц Каргобул АГ над Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. ќе се промени од заедничка во самостојна како последица на предложената трансакција.

Шмиц Каргобул АГ е семејно друштво основано во Германија кое произведува и дистрибуира полуприколки и приколки. Шмиц Каргобул АГ произведува производи за превоз на стоки во различни индустрии, вклучувајќи храна, пијалаци, замрзнати стоки, фармацевтска индустрија, земјоделство и шумарство, курирски услуги, градежни материјали и автомобилска индустрија.

Во Република Северна Македонија, Шмиц Каргобул АГ остварува приход и има регистрирано присуство преку следното зависно друштво – Друштво за трговија и услуги ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, Илинден со регистрирано седиште на ул. „34“ бр. 3 Илинден, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 46.900 - неспецијализирана трговија на големо.

Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. работи и под називот БергерЕКОТРЕИЛ (BergerECOTRAIL) и е специјализирано за дизајн и производство на лесна транспортна опрема, особено лесни полуприколки со церада и лесни шасии за цистерни. Покрај лесната конструкција, експертизата и фокусот на компанијата се насочени кон оптимизација на носивоста.

Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. произведува производи од лесна конструкција за превоз на стоки во различни индустрии, вклучувајќи прехранбени производи, пијалаци, градежни материјали, челик, општ товар и бела техника. Дополнително, се развиваат и индивидуални специјализирани решенија.

Во Република Северна Македонија, Бергер Фарцојгтехник Гес.м.б.Х. нема регистрирано присуство, меѓутоа во 2025 година остварил незначителен промет преку продажба на лесни полуприколки со шасија за цистерна.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**По овластување бр.01-99/1 од 02.03.2026**
**М-р. Борче Размоски**